**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-2173/1**
**03.12.2021 година**
**С к о п ј е**

**До**
**Членовите на советот на**
**општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 05/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За свикување на Четвртата седница на Советот на**
**општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам Четвртата седница на советот на општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден 09.12.2021 година (Четврток), со почеток во 12:30 часот во домот на културата во Ѓорче Петров и можност за користење на средства за електронска комуникација преку Microsoft teams.

За седницата се предлага следниот:

**Д н е в е н   р е д:**

1. **Предлог измена на К2 образец од кварталниот извештај за третиот квартал;**

2. **Предлог-Одлука за префрлање финансиски средства од сметката Дотации на сметка Основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година;**

3. **Одлука за измени на распоред на средства (пренамена) на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2021 година**

4. **Предлог-Одлука за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: *"Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m";***

5. **Предлог-Одлука за определување и исплата на надоместокот за извршена работа при подготовка и спроведување на Локалните избори 2021 година;**

6. **Предлог-Одлука за именување претставници во Училишни одбори;**

7. **Предлог-Одлука за именување претставници во Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓоче Петров Скопје;**

8. **Предлог-Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Ѓорче Петров и**

9. **Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план г радска четврт СЗ 13.**

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел.2039-307 или 2044-411, Одделение за Норматива.

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**